# Известување за концентрација со која друштвото Роберт Бош Интернационале Бетаілигунген АГ, Швајцарија стекнува единствена контрола над друштвото Елпро Груп АГ, Швајцарија

## (предмет бр. 08-36/2022)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 02.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото Роберт Бош Интернационале Бетаілигунген АГ (*Robert Bosch Internationale Beteiligungen AG*), со седиште на Лутербахштрасе 10, 4528 Цухвил, Швајцарија ќе стекне единствена контрола над друштвото Елпро Груп АГ (*Elpro Group AG*), со седиште на Лангојлиштрасе 45, 9470 Бухс СГ, Швајцарија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Роберт Бош Интернационале Бетаілигунген АГ**, (*Robert Bosch Internationale Beteiligungen AG*) е претпријатие-ќерка во 100% сопственост на Роберт Бош ГмбХ (*Robert Bosch GmbH*) (заедно „**Бош**“).

Бош е компанија која припаѓа на Групацијата Бош која е крајно контролирана од Роберт Бош ГмбХ („**Групација Бош**“). Групацијата Бош обезбедува технологија и услуги за автомобилската индустрија, индустриската технологија, стоките за широка потрошувачка и индустријата за енергија и градежна технологија на светска основа.

Групацијата Бош нема регистрирани претпријатија-ќерки во Република Северна Македонија.

**Елпро Груп АГ** е главно давател на целосни услуги во смисла на решенија за мониторинг овозможени од технологија, критични за конкретната мисија за синџири на снабдување со контролирана температура во фармацевтската и здравствената индустрија и бионауката. Елпро Груп АГ има претпријатија-ќерки во осум земји: Швајцарија, Германија, Унгарија, Данска, Холандија, Обединетото Кралство, САД и Сингапур.

Елпро Груп АГ нема регистрирани претпријатија-ќерки во Република Северна Македонија а во 2020 година има генерирано многу ограничена продажба од околу 398 евра.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација. Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на:

- решенија за мониторинг на ладен синџир или решенија за следење и мониторинг на ладен синџир во фармацевтската и здравствената индустрија и бионауката и
- решенијата за мониторинг на простории и опрема во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54. Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

11.02.2022 година. Скопје